# LOCTITE Super Bond Liquid 3g

## инстант течен лепак




## КАРАКТЕРИСТИКИ

LOCTITE Super Bond Liquid е еднокомпонентен инстант течен лепак базиран на етил цијаноакрилат. Тој е дизајниран за домашна употреба и за создавање силни врски меѓу различни впивачки и не - впивачки материјали.

## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

1. Осигурајте се дека површините што треба да се залепат се чисти и суви.

2. Избегнувајте контакт на кожа со лепакот.

3. Нанесете минимална количина лепак на една од површините што треба да се залепат.

4. Веднаш споете и држете ги деловите со притисок на раката најмалку 1 минута.

5. Оставете 5 минути или по можност преку ноќ за да се овозможи целосна цврстина на врската.

6. Избегнувајте истурање и заштитете ги работните површини.

7. За најдобри резултати, лепете на собна температура

(15-30 °C) и минимална релативна влажност од најмалку 30%.

8. За оптимален животен век на производот, избришете го врвот на лепакот со влажно марамче за да го отстраните вишокот лепак, затворете го производот и чувајте го на ладно и суво место.

## ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ

Пред да го користите производот, погледнете го придружниот лист со податоци за безбедност на материјалот достапен на барање.

## ПРЕПОРАКА

Информациите дадени во овој технички лист (TDS), вклучувајќи ги и препораките за употреба и примена на производот, се засноваат на нашето знаење и искуството со производот на датумот на овој технички лист. Производот може да има многу различни примени, како и различни услови за примена и работа во вашата околина што се надвор од нашата контрола. Затоа, Henkel не е одговорен за соодветноста на нашиот производ за производствени процеси и условите во кои ги користите, како и наменетата примена и резултати. Ви препорачуваме да спроведете свои прелиминарни тестови за да ја потврдите соодветноста на нашиот производ.

Секоја одговорност во врска со информациите во техничкиот лист со податоци или која било друга писмена или усна препорака во врска со производот е исклучена, освен ако не е договорено поинаку, или станува збор за смрт или повреда предизвикана од наша негрижа и било какво одговорност кон која било примена на Законот за задолжителна одговорност за производот.

## СКЛАДИРАЊЕ

Да се чува на ладно и суво место, подалеку од дофат на деца.

## ОГРАНИЧУВАЊА

- Не го користете лепакот на валкани или влажни површини.
- За внатрешна употреба.
- Не е соодветен за лепење полипропилен, полиетилен, тефлонски тела, силиконска гума, стакло, застаклени површини, многу мека кожа или пена.
- Никогаш не користете го лепакот за лепење производи што ќе содржат топли течности.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Состав: етил цијаноакрилат
Изглед: Транспарентна течна формула
Густина: 1,08 g / $cm^3$ на 20°C
Вискозност: приближно 25-100 mPa.s (на 25°C)
Пакување: 3гр
Рок на употреба на 2-8°C: 36 месеци во  неотворено пакување